SB Restricted

Стопанска банка АД - Скопје | Образец ОЕП

**Извештај за основните елементи на политиката за објавување извештаи и податоци**

| Реден број | Податок | Опис |
|---|---|---|
| ____________ , _ | *2* | *3* |
| **1** | **Датуми на политиката** | **Датум** |
| ____________ , _ | Датум на донесување | 23.06.2025 |
| 1.2 | Датум на ревидирање | 25.03.2026 |
| ____________ , _ | **Основни елементи на политиката** | **Опис** |
| 2.1 | Начин на оцена на точноста | 1. Примарна контрола од надлежниот сектор/дирекција – податоците се подготвуваат и проверуваат од страна на одговорните организациски единици согласно табеларниот приказ (Прилог 1 кон политиката), при што тие ја носат одговорноста за нивната точност, навременост и соодветност.<br>2.Контрола пред објавување – објавувањето се врши од Дирекцијата за маркетинг и односи со јавноста исклучиво по налог од надлежен директор, што претставува дополнителна контролна точка.<br>3. Формална потврда на усогласеност – се изготвува изјава со која се потврдува дека објавените податоци се точни и усогласени со регулативата и политиката. |
| 2.2 | Идентификување на материјалните податоци | Идентификувањето на материјалните податоци се врши врз основа на критериумот за нивното влијание врз донесувањето економски одлуки од страна на корисниците на тие податоци. Податоците се сметаат за материјални доколку нивното изоставување или погрешно прикажување може да влијае или да ја промени економската одлука на корисникот на тие податоци.<br>Во процесот на идентификација, надлежните организациски единици:<br>- ги оценуваат податоците во однос на нивната значајност и влијание врз корисниците,<br>- ја имаат предвид регулативата на Народната банка и барањата за објавување,<br>- утврдуваат дали податоците исполнуваат услови да бидат објавени или можат да бидат изземени како нематеријални. |
| 2.3 | Идентификување на сопствените податоци | Согласно политиката, податоците се идентификуваат како сопствени доколку нивното објавување би можело да предизвика негативни ефекти врз конкурентската позиција на Банката, односно да доведе до намалување на вредноста на инвестициите во производи, системи или деловни процеси. Идентификацијата се врши преку:<br><br>Проценка на конкурентска чувствителност – се утврдува дали податокот обезбедува пазарна предност<br>Анализа на потенцијално влијание – се оценува дали неговото откривање може да ја наруши пазарната позиција или да овозможи предност за конкуренцијата;<br>Интерна класификација на информации – податоците се категоризираат како јавни, интерни или сопствени, во согласност со интерните правила и контролни механизми;<br>Одлука од надлежна организациска единица – одговорниот сектор/дирекција ја врши проценката и носи одлука дали податокот треба да се објави или да се изземе како сопствен. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4 | Идентификување на доверливите податоци | Доверливи податоци се сметаат податоците кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности и трансакции и се однесуваат на конкретни клиенти на Банката, при што нивното објавување може да предизвика повреда на доверливоста и законските обврски за заштита на податоците.<br>Во процесот на идентификација, надлежните организациски единици:<br>- ја оценуваат содржината и изворот на податоците,<br>- утврдуваат дали податоците се поврзани со клиенти или трансакции,<br>- го проценуваат ризикот од нарушување на доверливоста и усогласеноста со законските и регулаторните барања,<br>- донесуваат одлука дали податоците треба да бидат ограничени или изземени од јавно објавување |
| **3** | **Извештаи и податоци** | **Фреквенција на објавување на извештаите и податоците** |
| | **Стандардни извештаи и податоци** | |
| | Изјава за потврдување на усогласеноста на објавените извештаи и податоци | годишно/полугодишно/квартално |
| | Извештаи за основните елементи на политиката за објавување на извештаи и податоци | годишно |
| | Извештаи со основните податоци за банката и нејзината акционерска структура | годишно |
| | извештај со најзначајни показатели | квартално/полугодишно |
| | извештаи за управувањето со ризиците и корпоративното управување | годишно |
| | Извештаи за сопствените средства, активата пондерирана според ризиците и интерниот капитал | годишно/полугодишно/квартално |
| | Извештај за заштитните слоеви на капитал | годишно |
| | Извештаи за изложеноста на банката на одделни ризици | годишно/полугодишно |
| | извештаи за ликвидносните барања | годишно |
| | Извештај за стапката на задолженост | годишно/полугодишно |
| | извештаи за финансиските иновации | годишно |
| | **Дополнителни извештаи и податоци** | |
| | | |